| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Расцветано лале |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Вежби за правилно дишење.<br>Вежби за активирање на детската мусксулатура.<br>Вежби за правилно миење на рацете и одржување на хигиената. |
| **Активности** | Детето преку слики и разговор, како и свежо набрани лалиња во вазната набљудува, воочува и посочува што забележува (изглед и карактеристики на цвеќето). Потикнете го детето на самостојно говорно изразување, каде преку куси реченици ќе го опише лалето. Активноста можете да ја започнете со опишување на ликовниот материјал што ви е потребен за работа како и начинот на неговото правилно користење (ја демонстрирате активноста). Потоа заедно со Вашето дете можете да ја започнете постапката на превиткување оригами хартија во форма на „Лале“, и потоа со лепило да го залепите на листот во готова форма.<br>Преку оваа активност ги збогатуваме детските искуства и знаења за пролетното цвеќе лале, како и развивање на фината моторика на дланките и прстите кај детето и координацијата „око-рака“. |